Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година донесе

# УРЕДБА

## со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредна состојба

### Член 1

Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити („Службен весник на Република Македонија" бр.51/11, 145/15, 23/16 и 20/19) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

На висината на трошоците кои не се вклучени во пресметката на годишната стапка на вкупни трошоци ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила за време на траење на вонредната состојба.

### Член 2

Кредиторите не смеат да наплатуваат трошоци кои не се вклучени во пресметката на годишната стапка на вкупни трошоци кои надминуваат 30% од износот на одобрениот кредит.

### Член 3

Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на кредиторот ако постапува спротивно на одредбите од член 2 од оваа уредба со законска сила.

### Член 4

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.44-2810/1
3 април 2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски